Еколозите го вклучија алармот за сребренолисниот зрнец, институциите на штрек - велат дека ситуацијата внимателно ќе се следи

Инвазивните растителни видови имаат капацитет експоненцијално да ја променат локалната екологија пред да бидат целосно мапирани. Сребренолисниот зрнец и сличните алохтони видови поседуваат агресивни механизми на ширење: брзо ги исцрпуваат ресурсите од почвата, спречуваат развој на автохтоната вегетација и го нарушуваат природното живеалиште на локалната фауна. За еколозите, чекањето проблемот да стане „масовен“ значи дека е веќе доцна за ефикасна и евтина контрола.



Успешната заштита бара институциите да почнат да ја третираат секоја рана дојава од научната или еколошката заедница како сигнал за превентивна акција, наместо само како статистички податок што чека да се потврди на терен.

https://commons.wikimedia.org/

Први реагиравме и алармиравме - инвазивен вид е донесен од Грција

Биологот Сашко Тодоров од „Еко вита“ – Неготино предупредува дека во Македонија е донесен инвазивен плевел кој брзо се шири и тешко се искоренува, а може да нанесе големи штети, особено врз земјоделските приноси.

Се работи за сребренолисен зрнец (Solanum elaeagnifolium), чие размножување е особено поттикнато од топлите и суви климатски услови.

-Најдовме инвазивен вид плевел кој, претпоставуваме, е донесен од Грција, најверојатно преку шлеперите, посебно во периодот кога работеше топилница во Кавадарци. Во рамки на таа рута - од Гевгелија до кај нас, по 200 камиони дневно минуваа низ Неготино за да донесат руда. Го закачиле растението и го истресле тука, во индустриската зона. И не еднаш. Тоа траело година, две. Растението е инвазивно, се шири многу и е од фамилијата Solanaceae. Solanum elaeagnifolium се вика, не може никој да го тргне. Плевел е, отровен за животните. Пуштив еден апел во цела Македонија и што се случи? Ми се јави еден дечко од Караорман, штипјанец, шумарски инженер. Го видел растението како изгледа, вика: „Кај нас во Штип има колку сакаш.“ Го замолив, ми даде координати, отидов во Штип да видам, најтешка е ситуацијата е во Караорман. Таму една нива има со жито, 10 декари, заразена е. Го ожнале горниот дел, го избалирале растението но, по два месеца кога отидов да го видам, беше пораснато. Расте големо до

до метар, метар и пол и целото е со боцки, а убави цветови дава. Само изникнува и има длабок корен, истакнува Тодоров.

Му се пожалил и некој овчар од Караорман, дека цело стадо му се затруло, а една овца дури и угинала.

-Јас алармирав дека ситуацијата е сериозна. Плевелот е стигнат до Велес, а голем проблем е и за пасиштата. Влезе ли таму, многу тешко се искоренува. Се јавив на Земјоделски факултет, кај професорот Пацановски. Човекот дојде двапати. Не веруваше. Вели: „Во Мароко првпат слушнав, таму имале проблем“. И го детерминира растението. Тоа е, сребренолисен зрнец. Ни даде насоки како да го третираме со хербициди. Жариштето кај нас го уништивме, ама тоа е чудо колку силни корени има ова растение. Го наоѓаме уште, од земјата што растело. Ако случајно го собере кола, зашто обично го има и покрај патот, ќе го однесе со себе и ќе го рашири на друго место. Ќе се залепи на возило, на камион, на браникот и патува насекаде. Многу е отпорно, укажува биологот.

За проблемот со труењето на овците во Караорман се јавил во Агенција за храна и ветеринарство. Од таму му рекле дека не се надлежни.



Извор : pixabay

-Ние сме надлежни за животни ако се затрујат ама во затворен простор, така ми кажаа. Ја им велам: „Се жнее, се носи насекаде, се шири. Кому да се јавам?“. Ме упатија во Јавното претпријатие за пасишта. Па, ај, се јавив и таму. Ми дадоа еден службеник од Штип. И типот ми се јавува, вика: „Сашко, кажи што да направам да ти помогнам“. Му велам: „Човек, мене не ми треба помош, тебе ти треба помош“, раскажува Тодоров.

Тој е упорен и истраен во битката да се справи со сребренолисниот зрнец.

-Ако треба ќе го искорнам, мора да го отстранам. Ме фати инат, мора да го уништам. Освен во Штип, го има и во Кавадарци, Неготино, Струмица, Гевгелија, околу границата. Се пренесува тука како бран, како цунами. Ако падне тука, на некое пасиште, готово, отиде пасиштето. Пишав меил на факултетот во Грција, прашав како се справуваат? Не одговараат. Веројатно напиот Земјоделски факултет треба да се обрати до нивниот. Да се реши на некое ниво, нагласува Сашко.

Со своите колеги активисти веќе го третирал растението со хербициди, по насоките што ги дал професорот, но тоа повторно почнало да расте под асфалтот.

-Треба повеќе пати да се третира. Чудо е, ако го оставиме, ќе си тера. Во Неготино три-четири пати го прскавме зашто има длабок корен, кој одма се обновува. Се исуши скроз и сега повторно има мали изданоци. Повторно треба да се напрска и повторно и повторно, додека не се уништи. Значи, ние како го прскаме, така навидум се уништува,

но ете го, повторно се издигнува нагоре. Интересно ми беше првиот пат кога го третиравме, на помал простор, сè живо изгоре, и природните плевели, и сребренолисниот зрнец, но по две недели, три, ете го, се издигнал одоздола нов. И расцути. И велам на ќерката, која е агроном: „Го подхранивме ова цело, градина се направило тоа што сме го прскале“. Му кажувам на професорот: „Не е можно“, вели, „ако е така, следната година јас ќе дојдам да прскам“. „Дојди“, му викам, нагласува Тодоров.

Според него, во регионот на Струга и Охрид се уште нема сребренолисен зрнец.

-Дефинитивно е до Велес стигнато. Скопје нема ништо. Сега бевме во Охрид, цело време очите ми гледаа настрана. Не видов ниту еден цвет. Нема ништо натаму. И во Струмица има. Од таму ми се јавија, немам отидено ама сигурно е појавено. Во Општина кај нас држевме предавање со професорот, го кажавме проблемот. Но, ништо, таму се е партиски, не ги интересира. Претходниот градоначалник ни беше доктор, специјалист интернист. Му кажувам за проблемот и одма гледам темата ми ја менува, не сум интересен, нема кој да ме слуша.

Според него, ова е проблем што треба да се согледа и реши на највисоко ниво.

-Се јавив и во Јавното претпријатие за државни патишта, ми рекоа: „Ние сме за уредување на патиштата. Го направиме ли патот, толку“, додава Сашко.

Земјоделски институт: Присуството на сребренолисниот зрнец во Македонија е сè уште ограничено

Според Земјоделскиот институт, сребренолисниот зрнец (Solanum elaeagnifolium) во светски рамки се смета за еден од поинвазивните плевели. Квалификуван е како високоинвазивен во Медитеранскиот регион. Неговото ширење особено е поттикнато од топлите и суви климатски услови. Потекнува од САД и северните делови на Мексико и се наоѓа на EPPO A2 листата (листа на карантински штетни организми препорачани за регулирање).

-За нас загрижувачки е фактот што видот е веќе евидентиран во соседните држави. Според официјалните податоци на EPPO, видот е регистриран во Бугарија со статус „few occurrences“, Грција „present, no details“ (invasive), во Србија со статус „restricted distribution“ (invasive). За Северна Македонија е наведен како „present, no details“. Колку што е досега познато, кај нас Solanum elaeagnifolium е забележан од страна на екологисти во Неготинско и Кавадаречко и на регионалниот пат Струмица – Ново Село кај граничниот премин со Република Бугарија. Засега е регистриран само на рудерални станишта, односно покрај патишта. Точниот начин на неговото внесување во Македонија не е познат, но најверојатно станува збор за случајно внесување, велат од Институтот.

Додаваат и дека иако во моментов неговото присуство кај нас е ограничено, неговата инвазивност претставува потенцијална сериозна опасност за понатамошно ширење, вклучително и на земјоделските површини.

-Според досега достапните информации, видот сè уште не е забележан на обработливи земјоделски површини во Македонија. Претставува ризик и за домашните животни поради присуството на гликоалкалоиди, меѓу кои соланин и соласодин/солаиосин. Посебно се токсични зрелите бобинки. Сребренолисниот зрнец се размножува и со семе и со ризоми. Има длабок и добро развиен коренов систем. Едно растение може да формира 40 – 60 плодови, а секој плод содржи голем број семки (60-120). Ова значително придонесува за неговата способност за ширење и го прави видот особено тежок за сузбивање, информираат од Земјоделскиот институт.

Според литературните податоци, во зависност од културата и степенот на заплевеленост, Solanum elaeagnifolium може значително да го намали приносот, во одредени услови и за 40–75 проценти.



Извор: https://www.actaplantarum.org/

-Бидејќи видот е исклучително тежок за сузбивање, а во наши услови засега е регистриран на ограничени површини и главно на рудерални станишта, токму превентивните и навремените механички мерки треба да бидат основа за неговото сузбивање и спречување на ширењето. На заразените односно заплевелените места потребно е: косење на растението пред да формира семе, искосениот растителен материјал да не се остава на местото, туку соодветно да се отстрани и уништи, жариштата редовно да се следат и повторно да се третираат доколку плевелот повторно никне, по потреба, на ограничените жаришта да се применат соодветни хербициди, согласно регистрираната употреба и законската регулатива и да се избегнува обработка на заразените површини, особено фрезирање, бидејќи дробењето на ризомите може да придонесе за зголемено вегетативно размножување и создавање нови растенија, објаснуваат од Институтот.

Потенцираат и дека во оваа фаза, додека присуството на видот во Македонија е сè уште ограничено, навременото откривање, следење и уништување на жариштата е од особено значење. Многу е полесно да се спречи неговото понатамошно распространување отколку подоцна да се контролира односно сузбие плевелот.

Затоа, препорачува Земјоделскиот институт, контролата треба да почне додека видот сè уште е локализиран и пред да се прошири од рудералните станишта на земјоделските површини.

Министерството за земјоделство информирано за пријавениот случај, тврди дека внимателно ќе ја следи состојбата

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е информирано за пријавениот случај и во координација со Државниот инспекторат за земјоделство презема активности за утврдување на точните локации на кои е забележано присуство на плевелот.

-Според првичните информации од терен, кои се уште не се потврден, плевелот е присутен на јавни површини и на обработливо земјоделско земјиште. Доколку во наредниов период се утврди дека плевелот е присутен на обработливо земјоделско земјиште, фитосанитарен инспектор ќе изврши увид, ќе состави записник и ќе земе примерок за точна идентификација на плевелот од страна на научна институција, велат од Министерството.

Додаваат и дека по добивањето на стручниот наод и утврдувањето на распространетоста од страна на надлежните служби, ќе бидат определени конкретни мерки за негово сузбивање, ставање под контрола и спречување на понатамошното ширење.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потенцира дека внимателно ќе ја следи состојбата во однос на распространетоста на овој плевел и доколку постои реална потреба, следењето ќе биде пропишано и во програмата за фитосанитарен мониторинг за следната година, со цел навремено утврдување на можните жаришта и координирано постапување на надлежните служби.

Оваа содржина е изработена со финансиска поддршка од Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France во рамки на проектот „Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“ имплементиран од страна на Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Центарот за правни истражувања и анализи, Здружение за одржлив развој Милеуконтакт Македонија и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија. Содржината е единствена одговорност на авторите и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Agence Française de Développement (AFD) и Expertise France.